**Годишен извештај за активностите на МОФ**
**во период март 2008- јануари 2009**

## Содржина:


I. Дебатна програма

II. Учиме право програма

III. Студентска програма

IV. Центар за деца и млади – Вавилон Карпош

V. Американски едукативен центар

VI. Независни проекти

VII. Претседател

VIII. Генерален секретар

IX. Извршен одбор

# I. ДЕБАТНА ПРОГРАМА

Во 2008 година се случија позитивни промени во дебатната програма. За првпат после неколку години се отворија дебатни клубови надвор од територијата на град Скопје, со оваа таа се испромовира и стана достапна за поголем број на слушатели. Дополнително после подолго време се направија и првите чекори за промовирање на дебата на универзитетско ниво.

Дополнително дебатната програма започна поактивно да имплементира проекти преку кои ги зајакна своите финансиски можности, но и обезбеди дополнителна промоција и ширење на своите вредоности на различни широки таргет групи. Засиленото темпо на работа на програмата (и на МОФ во целост) поради ограниченост на човековите ресурси, доведе до мали потешкотии во спроведување и унапредување на редовните програмски активнсоти.

Сепак, во изминатиот период дебатната програма не ги занемари и своите редовни активности; предавања, турнири, обуки; како на домашно, така и на интернационално ниво.

## 1. Редовни предавања

***Почетни група***

На крајот на годината функционираа 4 дебатни групи во Скопје (3 во МОФ и 1 во Гим "Орце Николов"). Целта оваа година беше враќање на дебата на национално ниво. Оттука дополнително во периодот септември – декември се правеа напори за воспоставување на дебатни клубови во 13 други градови. Дел од клубовите фукнционираа во рамки на училиштата додека останатите во ЛМИ центрите. Кон крајот на годината станаа самостојни и фукнционални 5 дебатни клубови во: Битола, Делчево, Велес, Штип и Ресен каде се оствари одлична соработка со училиштата. Сепак дебата е присутна во сите останати градови и членовите на локалните ЛМИ клубови активно се вклучија во националниот дебатен турнир за време на "Macedonia Open 2009". Сеуште постојат можености за изнаоѓање на ефективен модел за регрутација на членови.

**Напредна групи**

Во МОФ функционира една напредна група (2о членови) која следи напредни предавања за Карл Попер дебата. Во овогодишниот курикулум на напредната група се внесоа и предавања за дебатниот формат Worlds со оглед на тоа што истиот станува се попоуларени во светот. Ваквата можност се отвори со тоа што доволен број на нашите членови се обучија за овој формат преку учество на меѓунардни семинари и натпреварувања. Јакнењето на капацитете на напредна група е особено значајно за градењето на човековите ресурси.

**Британска парламентарна дебата на универзитетско ниво**

За првпат после неколку години Дебатната програма забележа активност на универзитетско ниво. Во рамки на проектот Клинички програми кој Учиме право и Дебатната програма ги спроведуваа на на Правниот факултет Јустинијан први во Скопје (подржан од Мисијата на ОБСЕ в Скопје) се креираше посебна група која следеше предавања за Британска парламентарна дебата. Во периодот септември – декември низ обуката поминаа околу 20 студентни од правни, политички и новинарски науки. Обуката финишираше и со мини турнир во БПД. Во рамки на прокетот се креираше и прирачник за Британска парламентарна дебата. Ова дава основа за понатамошно ширење на дебата на универзитестко ниво согласно светските трендови.

## 2. Обуки

**Обука за судии – 30 Март 2008; Скопје**

Во просториите на МОФ се оддржа еднодневна обука за судење за членовите на напредна група. Обуката ја организираат Катерина Шапкова и Петар Лазаров. Обуката ја поминаа приближно 20 нови членови на МОФ со што се зајакнаа судиските капацитети на програмата.

**Британска парлементарна дебата, 10 мај 2008; Скопје**

Во просториите на Вавилон Карпош за членовите на Дебатната програма се оддржа целодневна обука за Британска парламентарна дебата. Обуката ја држеше Маја Ненадович; искусен дебатен тренери од Хрватска која работи на развој на БПД во повеќе земјии во регионот. На обуката учествуваа околу 15 членови на програмата.

## 3. Дебатни турнири

**Дебатен турнир за почетни групи – 5 Април 2008; Скопје**

Во просториите на гимназијата "Раде Јовчевски Корчагин" се оддржа турнир за дебатерите кои оваа годна за прв пат слушаат предавања по дебата. На турнирот учествуваа 10 тимови од Скопје, а се дебатираше на тезата "*На образовниот систем во Република Македонија му се потребни реформи".* Победници на турнирот беа Оливер Пап, Ана Ристовска и Виктор Димовски. Додека меѓу најдобрите тројца говорници се пласираа: Весна Велевска, Кристина Стојчиќ и Оливер Пап. Турнирот целосно беше организиран како активност на напредната група.

**Избор за претставници на ИДЕА Форум за Млади 2009 – 5 јуни 2008**

Во просториите на Гим "Орце Николов" се оддржа кфалификационен турнир на кој учествуваа 8 тимови. Се дебатираше на тезата *"Владите треба да го дозволат истакнувањето на религиозните симболи во јавните институции".* Првите тројца говирници кои беа избрани да го претставуваат МОФ на ИДЕА Форумот беа: Марко Ѓоргиев, Харис Бабачиќ и Весна Велевска.

**"Macedonia open 2008", 18 -20 Декември 2008 - Скопје**

Во месец декември традиционално по шести пат по ред во Скопје се одржа меѓунардониот т дебатен турнир "Macedonia open 2008". Ова е досега најголем турнир на кој земаа учество 120 средношколци од Македонија и од Европа на два паралелни турнири: национален турнир и интернационален. Настанот се оддржа во населба Кисела Вода под покровителство на Општината КВ , којаи финансиски го поддржа настанот. Дебатите се оддржаа во основното училиште "Кузман Јосифивски – Питу". Комерцијални спонзори на настанот беа Мекдоналдс и Гудалат.

На националлнит турнир се дебатирше на македонски јазик и на истиот учествуваа 18 тимови од 14 градови од Република Македонија на тезата: *"Меѓународната интервенција за заштита на човековите права е оправдана"*. Во финалето успеаа да се пласираат тимовите од Штип и Скопје, а победник беше тимот ТИН од Скопје. Првопласирани говорници беа: *1. Бисера Мојсоска од Струга, 2. Екатерина Панева од Штип и 3. Павле Зафиров од Кратово.*

На интернационалниот турнир учествуваа 16 тимови од 8 земјии: Албанија, Босна, Србија, Хрватска, Црна Гора, Словенија, Германија и Македонија. Дебатите на интернационалниот турнир се одвиваа на англиски јазик на тезата: *"Глобалната финансиска криза треба да се решава на глобално ниво".* Финалето се одржа во Собранието на РМ со свечена церемонија на доделување на пехари и дипломи за учесниците.Во финалето на интернационалниот турнир се сретнаа тимот Македонија и Хрватска при што Хрватска го освои првото место. Првопласирани говорници беа: *1. Весна Велевска од Македонија, Стефан Цветанов од Македонија и 3. Марта Бљелица од Црна Гора*. На дебата во Собранието на РМ учествуваа и Нејзината екселенција; Марија Урлике Кноц – Амбасадор на Сојузна република Германија во РМ, Г-дин Џорџе Арсов – градоначалник на општина Кисела Вода, Г-дин Илија Димовски – пратеник во Собранието на РМ, Г-ца Христина Рунчева пратеник во собранието на РМ – претеничка во собранието на РМ кои земаа учество во дискусијата.

## 4. Учество на турнири во странство

- **B&H Open 2008 – 28 Јуни до 1 Јули, во Неум, Босна и Херцеговина**

Два тима од МОФ учествуваа на меѓувародниот дебатен турнир "Отворено првенство на БиХ" на заедно со дебатери од Босна, Хрвстаска, Црна Гора и Македонија.
Македонија 1: *Петар Димитров, Томислав Тодоровски и Стефан Алексиќ* од Скопје. Македонија 2: *Елена Димовска, Викторија Димоска и Ивана Милеска* од Македонски Брод. Тренер: *Сања Стојановска.*

Се дебатираше на тезите "*Владите треба да го дозволат истакнувањето на религиозни симболи во јавните институции*", "*Цензура на изразувањето кое промовира насилство е оправдана*" и "*Овој дом би промовирал био-горива*".

Дебатерот Петар Димитров го освои првото *место*. Покрај натпреварувачкиот дел во рамки на овој турнир, нашите дебатери учествуваа и во снимањето на ТВ дебати кои се емитвани на Босанската национална телевизија.

- **ИДЕА Институт за дебата и граѓанско новинарство 2008; 30 јуни – 21 Јули – Дечемко, Турција**

Институтот за дебата и граѓанско новинарство е традиционален настан на ИДЕА кој престставува одлична можност за надоградба на нашите членови. Оваа година како претставници на МОФ учествуваа *Катерина Васковска и Горјан Илиевски*. Истите поминаа низ напредна обука за дебата со тоа што Катерина Васковска се фокусирање на дебатниот формат World's school debate, додека Горјан Илиевски помина обука за Британска парламентарна дебата.

- **ИДЕА Форум за млади 2008, 23 -28 јули – Смолјан, Бугарија**

Тимот на МОФ, го сочинуваа тројцата најдобри говорници за оваа година, избрани на кфалификациониот турнир одржан во месец јуни, *Марко Ѓеоргиев, Харис Бабачиќ и Весна Велевска*. Истиот беше предводен од *Сања Стефановиќ*. Дебатерите од МОФ поради фионансиски ограничувсања учествуваа само на националниот турнир, ИДЕА Карл Попер Светско првенство во дебатирање. Тезите на турнирот беа: *"Владите треба да го дозволат истакнувањето на религиозните симболи во јавните институции" и "Цензура на изразувањето кое промовира насилство е оправдана"*

На натпреварот учествуваа 46 тимови од 32 земјии. Тимот на МОФ се пласираше во *осминафиналето* на натпреварот, што претставува одличен резултат.

- **Младите дебатираат за човекви права- Регионален форум за млади 16-23 Август 2008, Матарошка бања - Србија**

Македонската делегација броеше 15 дебатери: *Стевче Грујовски (Битола), Драгана Стојменовска (Делчево), Павле Зафиров (Кратово), Елена Ташева и Симон Андов (Неготино), Марко Димитровски, Стефан Алексиќ, Томислав Тодоровски, Весна Велевска, Харис Бабачиќ, Петко Гроздановски, Теодора Николовска, Петар Димитров, Марко Ѓорѓиев, Тина Раниќ (Скопје)*; и 4 тренери: *Весна Милевска (Битола), Наташа Гоцевска (Делчево), Сања Стефановиќ и Дона Костуранова (Скопје*).

Првите 4 дена од форумот учесниците имаа прилика да следат работилници на темите: Човекови Права, Лидерство, и Дебатни формати. Настанот заврши со дебатнен турнир во мешани тимови на темата: "*Multinational Corporations should be bound to the International Human Rights Law*."

*Петко Гроздановски* со својот тим го освои првото место, додека тимот на *Петар Димитров* беше второпласираниот, *Стефан Алексиќ* со својот тим се пласираше третото место.

Во листата на најдобрите десет говорници на турнирот се најдоа: *Марко Ѓорѓиев* на второто место. *Петар Димитров* на седмото место, и *Харис Бабачиќ* на десетото.

- **Belgrade Open 2008; 28-30 ноември – Белград, Србија**

*Бранкица Георгиевска* – тренер, и дебатерите: *Ивана Лумаковска, Борика Крушаревска, Марија Арсовска, Симона Јандревска, Хелена Цветковска, Рајна Ѓоргиева* учествуваа на Belgrade Open 2008; На турнирот се дебатираше на тезата: *"Училиштата треба да се направат побезбедни"*. Борика Крушарева беше избрана за најдобар говорник на настанот

- **Мултикултурална малдинска размена "Едно-јазични, двојазични, мултијазични"- 2-8 ноември 2008 - Ормож, Словенија**

Преку програмата на Европската унија Млади во акција на настанот учествуваа: *Теона Мицевска и Елез Бислим* – Тренери, *Марија Васлиевска, Александра Живковиќ, Катерина Васковска, Валбен Кица, Харис Бабачиќ, Осман Бајрам и Стефан Цветанов* – дебатери.

На размената се реализираа бројни работилници, дискисии, презентации, посети на иниcттуции на унгарското и малцинството на ромите, нивнте радија, телевизи, билингвални училишта итн. На 7 и 8 ми Ноември се одржа дебатен турнир во World Schools Debate во мешани интернационални тимови. Се дебатираше на тезите

- Овој дом го вреднува учењето на јазикот на малцинството од страна на манозинството
- Овој дом верува дека државата треба да плати за образование на јазиците на малцинствата
- Овој дом верува дека нетреба да има религизони празници признаени како државни
- Овој дом би признал независен статус на Јужмна Осетија и Абхазија.

- **International debate academy Slovenia – 23 ноември – 1 декември, Ормож и Марибор, Словенија**

Ана Бојаџиевска учествуваше на Меѓународната дебатна академија каде помина напредна обука за Британска парламентарна дебата и учествуваше на дебатен турнир. Обуката беше спроведена од искусни тренери од САД и Велика Британија. На настанот учествувaат студенти од Европа, Северна и Јужна Америка.

- **Конференција IDEA Exchange и Генерално собрание на ИДЕА, 4-6 декември 2008 - Амстердам, Холанција**

Коориднаторот на дебатната програма Ана Бојаџиевска и Бојан Маричиќ учествуваа на годишната конференција "IDEA Exchange" каде одржаа презентација на

тема: *"Дебатата како алатка за разбирање помеѓу младите од различни етнички заедници"* Ана Бојаџиевска учествуваше и на Генералното собрание на кое се разговараше за актуелните дебатни случувања на глобално ниво и плановите за работа на ИДЕА и членките на мрежата.

## 5. Јавни дебати

**Пролетен ден, 23 Март 2008**

МОФ заедно со три партнерски организации традиционално со дебата го одбележа доаѓањето на пролетта. Овојпат, младите дебатираа на темата *"Виза не дели од визија"* покранувајќи го прашањето на негативните ефекти од визниот режим и акцијата која младите треба да ја превземат за да ги срушат постоечките бариери . На настанот дебатираа: *Катерина Васковска, Теона Мицевски, Иван Мицковски и Марко Ѓоргиев.* Покрај јавнат дебата беше организирана и богата културнозабавна програма. Настанот се случуи под покровителство на Агеницијата млади и спорт.

**No Tobacco Day, 26 Мај 2008, Градски Плоштад**

МОФ во соработка со здружението за борба против ракот "Борка"го одбележаа денот на борбата против ракот на белите дробови во Македонија, организирајќи целодневен настан на градскиот плоштад .
На настанот беа организирани 4 јавни дебати кои ги покренаа прашањата за бројот на пушачи во РМ, законот за пушењето во јавен простор, паралелите со закопните во западно-европските земји и поврзаноста на пушењето со ракот на белите дробови . На настанот учествуваа 7 дебатери од МОФ (Катерина Васковска, Иван Мицковски, Атанас Димитров, Харис Бабачиќ, Анте Гулин, Петар Димитров и Марко Ѓорѓиев).

**До кога Ромите во јавноста ке бидат Цигани? – 22 декември 2008- Холиеј ИН; Скопје**

На 22 декември во хотелот *Холидеј ин* во Скопје се оддржа јавна трибина на тема: До кога ромите ќе бидат цигани во јавноста.
Модератор: Лазар Поп Иванов, Дебатери: Марија Мирчевска, Стефан Ристовски, Леонард Каја (Хелсиншки Комитет), Тефик Махмут
Панел говорници: Роберто Беличанец, Билјана Бејкова, Претставник од Народен Правобранител, Претстаник на Совет за радиодифузија, претставник на Хелсиншки Комитет, Претставник на Здружение на Новинари на Македонија, претставник на НВО Месечина

Трибината беше иницирана од Тефик Махмут и реализирано со поддршка на НВО Инфо центар преку проектот Медиумски кучиња чувари. Тема на трибната беше дискриминацијата на Ромите во медиумите, иницирано од серија текстови објавени во медиуми. Се дискутираше за причините за нгетината слика за Ромите во медиумите и јавноста воопшто, Правото на слобода на говор и слобода на изразување наспроти говорот на омраза во медиумите и кој ја сноси одговорноста за злоупореба на оваа слобода.

## 6. Проекти

**Промовирање на разбирање преку култура на дијалог**

Во мај 2008 година МОФ со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, спроведе пилот проект за средношколците од од средните училишта "Нико Нестор" и "Ибрахим Темо" – Струга. Отпочнувањето на проектот беше одговор на конфликтите настанати меѓу учениците албаници и македонци на почетокот на 2008 година и нивните барања за одделно следење на наставата.

Во периодот септември – декември МОФ го спроведуваше продолжението на проектот Промоција на разбирање преку култура на дискусија – Струга дебати (Follow up) за учениците, во периодот сепември – декември 2008 кој се разви како продолжение на успешната соработка на образовниот тим на ОБСЕ со МОФ при изведувањето на пилот проектот.

Финалната цел на проектот е промоција на ефективна комуникација и толеранција меѓу учениците со различно етницчко потекло и развивање на нивните комуникациски вештини. Меѓу останатите примарни цели на проектот може да се набројат: промовирање на аргументирано учество во јавни дискусии, развивање на вештините за критичко размислување, напреднување на културата на дискусија и охрабрување на конструктивен дијалог меѓу младите луѓе на теми од младински интерес.

**Тренинзи за јавна дебата**

Беа одржани 4 тродневни Тренинзи за Јавна Дебата на кои земаа учество вкупно 120 ученици со мешан етнички состав.

**Јавни дебати**

По секој Тренинг за Јавна Дебата, учесниците организираа и изведуваа Јавна Дебата во своето училиште на тема по сопствен избор пред публика сочинета од нивните соученици, професори, директори, претставници од Општина Струга и престставници од ОБСЕ. Вкупно беа реализирани 4 јавни дебати, на темите: "Униформите треба да бидат задолжителни во средните училишта", "Воведувањето на камери во средните училишта ќе има позитивен ефект", "Воведувањето на комјутери во средните училишта ќе има позитивен ефект на образовниот процес" и "Воведувањето на задолжителни екстерни тестови во Македонија е оправдано".

**Тренинг за компетитивна дебата и дебатен турнир**

Во декември се одржа и финалниот тренинг за Компетитивна дебата на кои земаа учество 42 учесници од Тренинзите за Јавна Дебата, избрани со јавен конкурс. Истите ученици улествуваа и на дебатниот турнир која се одржа во училиштата во Струга на тезата "Воведувањето на задолжителни екстерни тестови во Македонија е оправдано". Финалето на турнирот на кое дебатираа двата најдобри тимови се одржа во салата на Општина Струга, каде што на победничкиот тим и на најдобрите говорници на турнирот им беа врачени награди. Дополнително истите учествуваа на националниот тринир на "Macedonia Open 2008".

# II. УЧИМЕ ПРАВО ПРОГРАМА

## 1. Учиме право – програма за средни училишта

Во периодот април – јуни 2008 година, како и со почетокот на новата учебна година од септември 2008 година, програмата Учиме право се спроведува во следниве средни училишта:

1. ДСУ "Орце Николов"- Скопје,
2. ДСУ "Никола Карев"- Скопје,
3. ДСУ "Ѓорѓи Димитров"- Скопје,
4. ДСУ Раде Јовчевски – Корчагин – Скопје и
5. ДСУ Зефљуш Марку – Скопје.

Во овие училишта, наставата се изведува во рамките на часовите по Вовед во право и/или како посебна проекна/факултативна активност. Покрај редовните предавања преку интерактивните методи, во сите училишта беа одржани симулации на судења, како и посета на некои од државните институции на Република Македонија (Народен правобранител и Собрание на РМ). Беа организирани посети и на адвокатски и нотарски канцеларии.

Како проектна активност, во соработка со Агенцијата за млади и спорт беа одржани 6 симулации на судења на тема Трговија со луѓе, во следниве градови: Скопје (Гимназиите: "Никола Карев" "Ѓорѓи Димитров" "Зефљуш Марку" и "Кочо Рацин"), Велес, Гостивар, Кочани, и Битола. Целна група на оваа проекна активност беа 300 средношколци во 8 средни училишта во Република Македонија. Целта на овој проект беше:

- овозможување на учениците опфатени со проектот да се здобијат со проширени информации и знаења од оваа област;
- да се стекнат со знаења за начинот на кој се изведува казнената постапка пред судовите во РМ;
- да се даде придонес во образованието на младите преку интерактивно учење, работа во групи, и критичко мислење
- да се создаде проактивна младина подготвена да презема иницијатива за подоследно остварување на граѓанските слободи и права и поцелосно имплементирање на демократските процеси
- да се промовира неформалното образование и да се потенцира дека ваквиот начин ги подобрува кај учениците способностите за комуникација, организација и презентација на стекнатите знаења
- надминување на предрасудите преку реализација на проектни активности во кои учествуваат млади од различен пол, национална и етничка припадност и различно социјално потекло
- остварување на мирен соживот преку афирмација на познатата максима: "Сите различни – сите еднакви";
- посочување на фактот дека секој од нас може да биде жртва на трговијата со луѓе и дека секој од нас поседува капацитет да биде творец на позитивни промени во општеството.

Во ноември, во просториите на МОФ, се одржа и обука за нови предавачи, на која присуствуваа 13 студенти од Правниот факултет кои покажаа голем интерес и ентузијазам за активно вклучување во програмските активности на програмата Учиме право и на МОФ. Веднаш по обуката која се одржа во три последователни сесии, овие 13 студенти беа вклучени како асистенти и предавачи во изведувањето на наставата во формираните групи заедно со поискусните предавачи.

Предавачите на „Учиме право“ програмата, редовно се вклучени на разни обуки, семинари и конференции организирани од ФИООМ, МЦЕО, Коалиција за правично судење, ОБСЕ и разни други организации.

## 2. Проект – Клинички програми со ОБСЕ

Проектот „Клинички програми“ имаше за цел преку воведување на практична настава да им овозможи на студентите да ги развијат своите истражувачки способности и дебатни вештини, и преку практична примена на истите да ги надополнат стекнатите знаења. Проектот во својата содржина опфаќаше 3 клинички програми:

- Учиме право (наменет за студентите од 3-та година на правни студии)
- Истражување и правна помош (наменет за студентите од 3-та година на правни студии)
- Британска парламентарна дебата (наменета за студентите од 3-та година на правни, на политички и на студии по новинарство)

Предавањата се одржуваа еднаш неделно во траење од 90 минути во периодот од 10 октомври до 31 декември 2008. За потребите на наставата од страна на предавачите беше изготвено учебничко помагало наменето за програмите Учиме право и Истражување и правна помош, додека пак за Дебатната програма беше подготвен соодветен прирачник.

Во рамките на наставата студентите од програмата Истражување и правна помош присуствуваа на седници на Уставниот суд и имаа прилика одблиску да се запознаат со работата на Народниот правобранител преку информативните сесии одржани во соработка со надлежните лица, вработени во оваа институција.

Студентите вклучени во реализацијата на програмата Учиме право во состав на проектните активности се запознаа со процесот на пишување на закони (номотехника), со постапките за основање на трговско друштво и НВО, како и со процедурата пред ЕСЧП. За оваа цел на студентите им беше образложен механизмот на функционирање на структурите во ФИООМ, а воедно и начинот на основање и работа на МОФ.

Учесниците во клиничката програма Британска парламентарна дебата покрај тоа што во склоп на предавањата го изучуваа овој модел на дебатирање, имаа прилика и самите да го применуваат не само во рамките на наставата, туку и на дебатните сесии организирани од МОФ на кои имаа можност да се запознаат со искусните дебатери на МОФ, а воедно и да дебатираат со нив. Дел од студентите вклучени во оваа програма земаа учество на ораторскиот настан „Слободна студентска мисла“ кој се одржа во ноември 2008.

Во проектот „Клинички програми" земаа учество 75 студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први", по 25 студенти во секоја програма одделно. Предавањата се одржуваа во просториите на Правниот факултет, ОБСЕ и МОФ.

Позитивна придобивка на овој проект е неговата одржливост која се согледува во фактот што значаен дел од студентите кои беа вклучени во реализацијата на проектните активности се вклучија во Street Law програмата во улога на предавачи по Учиме право во средните училишта. Исто така, голем дел од студентите кои беа дел од клиничката програма Британска парламентарна дебата веќе се активни членови во Дебатната програма.

## III. СТУДЕНТСКА ПРОГРАМА

Во текот на 2008 година во делот на проектните активности на Студентската програма се случуваа неколку важни процеси кои беа планирани и очекувани, но и зачетоци на нови проектни активности кои беа неопходни за пополнување на програмскиот дел на програмата.

### 1. Анти-корупциска студентска мрежа на ЈИЕ

На почетокот на 2008 година започна првата година од 3 годишниот циклус на мрежниот проект Анти-корупциска студентска мрежа на ЈИЕ. Во првата година од циклусот насочен кон развој на мониторинг методологии за присуството на корупцијата во високото образование се работеше на развој на регионалните мониторинг теми. Конкретно, Студентската програма на МОФ работеше на развој на методологијата за трошењето на парите акумулирани од џебот на студентите во споредба со буџетските средства дадени од државата или “tuition vs. budget spending”.

Покрај амбициозните цели кои мрежата си ги постави пред себе во подготвителниот период на проектот, и проблемите кои се јавуваа на ниво на мрежа но и кај индивидуалните организации, мрежата како и донаторот постигнаа консензус за запазување на квалитетот односно издржаноста чекорите кои се превземаа за сметка на емпото кое си го наметнавме како мрежа во поглед на проектната имплементација.

До истекот на календарската 2008 година во рамките на овој проект се реализираа низа активности кои беа важни за запознавање со копмлексноста на тематиката која МОФ како членка на мрежата се зафати да ја обработува. Преку користење на институцијата пристап до информации од јавен карактер, а во склоп и на прокетот пристап до информации од јавен карактер во високо-образовните институции беа испратни 1097 барања за пристап до информации. Во одреден дел некои останати елементи на проектот останаа сиви области, односно непозната територија која останува да се одработи до комплетирање на алатките за мониторинг на регионалната тема “tuition vs. budget spending”.

Во склоп на овој проект беше реализирана пилот фаза на алатка за мониторинг која првенствено беше развиена од хрватскиот тим во мрежата, а се однесува на препишување (мамење на испит). Прашалникот како една од предвидените алатки беше пилотиран на репрезентативен примерок од 250 испитаници, студенти од сите освен почетна година студии на правниот факултет при УКИМ.

Како што е предвидено, во почетните стадиуми на проктот напорите се насочени кон истражувачка работа, тестирање и пилотирање на концепти и пристапи за собирање на методолошки објективни и издржани податоци/информации кои подоцна би биле анализирани за да се добие слика за присуството на корупција во набљудуваната област. Затоа собирање и анализа на квантитативни резултати и фактички податоци не се правени во оваа фаза на проектот.

Во рамките на проектот се случија 3 мрежни состаноци во текот на оваа година. Првиот беше состанок кој се случи во Скопје во февруари месец и тоа непланирано заради проблеми со визи за состанокот кој иницијално требаше да се случи во Кишињев, Молдавија. Во месец април координаторите на проектите од МОФ и Белградска отворена школа (Србија) беа во посета на парнерската организација од Молдавија која не беше во можност да присуствува на мрежниот состанок во Скопје. И состанок во Белград во месец јули на кој членовите на мрежата и донаторот ги разгледуваа моменталните состојби кај индивидуалните мрежни членки и динамиката на проектот. Со оглед на фактот дека ова е заеднички регионален напор на организации предводени од малди и комплексноста на тематиката која се обработува, како и моментот дека сето ова е пионерска работа на поле на мониторинг на корупција, динамиката и резулататите беа анализирани и модификувани за нарендите месеци на имплементација.

## 2. „Пристап до информации од јавен карактер"

Во рамките на проектот „Пристап до информации од јавен карактер" спонзориран од Фондација Институт отворено општество - Македонија, кој го спроведуваше Младинскиот образовен форум, се изврши мониторирање на спроведувањето на Законот за слободен простап до информации од јавен карактер од страна на неколку високо образовни институции. Станува збор за Универзитет св. „Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитет св. Климент Охридски во Прилеп и Тетовски универзитет.

Овој проект претставува своевидно продолжение на истоимениот проект кој беше спроведуван од страна на Фондација Институтот отворено општество - Македонија, а кој имаше за цел мониторинг на спроведувањето на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите на централната власт и понатаму од институциите на локалнатта самоуправа.

Целта на овој проект беше да се види колку високо образовните институции во Република Македонија го почитуваат и го имаат соодветно импементирано Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како можност секое физичко и правно лице да дојде до посакуваната информација, без да поминува низ макотрпни процедури кои (не)постоеа пред донесувањето на овој закон.

Почнувајки од Јануари 2008 година, шест члениот тим составен од координатор и пет-член работен тим, запчна со осмислување на текот на проектот, приоритетните области од кои ќе потекнуваат прашањата во барањата за информации, редоследот на испраќање на барањата, начинот на пратење на роковите, начинот на архивирање на добиените одговори како и начинот на подготвување на жалбите за добиените нецелосни како и недобиените одговори.

По изготвување на планот, за кој помош и соодветна обука тимот доби од претставници од Фондот Институт отворено општество – Македонија, се отпочна со реализирање на планот и испраќање на вкупно 1097 барања во период од три недели – три посебни брана барања. Овие барања беа испратени до 38 иматели на информации од јавен карактер. Барањата беа направени на тој начин што беа поделени според тежината на информацијата што требаше да се добие - рутински,

чувствителни и тешки прашања. Како такви тие опфаќаа информации од јавен карактер кои се однесуваа на три различни области од работењето на високо образовните институции, и тоа: студентски стандард, квалитет на студии и студентски пари (партиципација и други средства, текот на тие пари, како се користат...).

Пред испраќањето на жалбите, одговор на сите барања имаа дадено само 5 иматели, а одговор на ниту едно барање немаа 22 иматели. Беа испратени вкупно 500 жалби од кои 463 жалби беа испратени поради мочлчење на администрација, а 37 жалби поради нецелосни или незадоволителни одговори. По искористувањето на жалбите како правен лек, успеавме да добиеме одговор на вкупно 622 барања. Оваа бројка претставува околу 60% од испратените барања.

## 3. Плурализам во студентско организирање – Студентски Парламент

Не беше монотоно или пак досадно ниту со борбата за плурализација на судентското организирање....

**Во текот на 2008 година се случија:**

Укинување на член од статутот на УКИМ по поднесената преставка од страна на МОФ до Уставниот Суд на РМ за уставноста на положбата која му беше дадена на ССУКМ во статутот на универзитетот.

Предлагање амандмани до Собранието на РМ по предлог законот за Високо образование.

Барем дузина Прес-конференции и јавни настапи по однос на горeспомнатите процеси.

Оспорен беше процесот на верификација на мандатите на преставниците на студентите при Сенатот на УКИМ, кој коинцидираше со изборот на нов Ректор.

**Беа организирани низа акции во врска со:**

Затворањето на студентското радио и начинот на кој тоа се случи.
Трошењето на средствата на студентите од страна на „претставниците на студентите“ при универзитетот.

## IV. ЦЕНТАР - ВАВИЛОН КАРПОШ

### Активности на младинскиот едукативен центар Вавилон – Карпош

1. **Редовни активности**
- работилници
- корисници на библиотека и компјутери

2. **Поважни настани и проекти**
- Културен информатор за општина Карпош
- Протест заради затварање на центарот

3. **Дополнително активности и настани**
- турнири и обуки по дебата и јавни дебати и трибини
- викенд обуки
- Воспоставување редовна комуникација со Локалната самоуправа и општината

### 1. Опис на редовните активностите

Главната активност во Вавилон центарот е одржувањето на секојдневните работилници, како од едукативен, така и од забавен карактер. Пред почетокот на секое полугодие беше спроведена кампања преку штандови и флаери по средните училишта, пред се во Карпош за собирање на членови.
Во текот на периодот април 2008 - ноември 2009 Вавилон центарот броеше околу 40-50 членови на следниве работилници:

- **англиски јазик** – (курс по англиски јазик на почетно ниво, групата беше составена од 4-6 средношколци, со еден термин во неделата)
- **италијански јазик** – (курс по италијански јазик на почетно ниво, групата беше составена од 5-8 средношколци, со два термина во неделата)
- **германски јазик** – (курс по германски јазик на почетно ниво, групата беше составена од 4-6 средношколци, со еден термин во неделата)
- **фотографска работилница** – (учесниците ги учат основите на фотографирањето и вежбаат аматерско и алтернативно фотографирање. Функционираа 1 група од по 8-10 членови со по еден термин во неделата)
- **работилница за графички дизајн и програмирање** – (учесниците ги учат основните компјутерски програми за дизајнирање Corel Draw и Photoshop и програмските јазици C и C++. Групата беше составена од 6-8 членови со 1 термин во неделата)
- **дебата –** (учесниците ги учат основите на дебата преку предавања и разни вежби за говорење; предностите на аргументираното говорење и критичкото размислување. Во просториите на Вавилон функционираа 2 почетни групи и 1 напредна група по дебата, сите со по 1 термин во неделата)
- **италијански јазик** – (курс по италијански јазик на напредно ниво, групата е составена од 3-5 средношколци, со еден термин во неделата)

- **работилница за WEB дизајн** - (учесниците ги учат основните алатки за дизајнирање и креирање на WEB страни во Dreamweaver. Оваа група работи во склоп на групата графички дизајн, со еден термин во неделата).

Освен работилниците сите млади луѓе од општина Карпош кои сеедно дали се или не се членови на некоја од работилниците, имаат право на користење на услугите на центарот, како на пример компјутерите и библиотеката.

## 2. Опис на поважните проекти и настани

- Проект **„Културен информатор на општина Карпош“,** кој носеше име **“Се во едно, се во Карпош”** во соработка со организацијата **Peace Child International** која се јави како донатор на овој проект. Проектот се одвиваше во периодот од март до јуни 2008 година. Во него беше вклучена изработка на културен информатор за потребите на младите во Општина Карпош. Овој информатор содржеше информации за културно-забавниот живот на младите (кафулиња, дискотеки, кина, театри, изложби, промоции, конкурси итн.). Младите го добиваа овој информатор во нивните училишта, блиските киосци или во Вавилон центарот. Буџетот на проектот, кој беше обезбеден од страна на **Peace Child International**, изнесуваше 1000 американски долари.
- Во продолжение следи соопштението за медиуми околу затварањето на Вавилон центарот

*Градоначалникот на Општина Карпош го згасна младинскиот центар “Вавилон Карпош” без никакво објаснување и известување.*

**Младите од Вавилон Карпош протестираат пред Општина Карпош во одбрана на нивниот едукативен центар**

Денес, 28.11.2008, членовите на Младинскиот образовен форум [МОФ] протестираа пред административните простории на Општина Карпош и реализираа “наставен час” на отворено.
Ваквиот мирен собир е резултат на одлуката на в.д. градоначалникот на Општина Карпош, Сашо Димиќ, со која младинскиот едукативен центар “Вавилон Карпош” [проект на МОФ] е исфрлен од просториите на месната заедница во општината, во кои успешно функционираше изминативе 7 години.

На мирниот собир се симулираше “наставен час”, сличен на активностите кои младите од Вавилон Карпош секојдневно ги реализираа во својот центар. Целта на младите од Вавилон Карпош е да му покажат на градоначалникот дека младинскиот активизам го остава на улица и дека става “клуч на врата” на центар кој развива неформално образование, едукација и практична работа за млади.

Одлуката за затворањето и иселувањето на младинскиот центар е донесена на 25.11.2008 без никакво претходно известување или објаснување, а истиот ден извршители на општината ја сменија бравата на центарот и оневозможија пристап на младите во него. Градоначалникот формирал и комисија од извршители кои треба да го иселат центарот од ствари и луѓе.

Младински образовен форум и младите од Вавилон Карпош протестираат на ваквата одлука и бараат в.д. градоначалникот на Општина Карпош да ги прими на разговор, да ги слушне фактите кои говорат за успешноста на центарот и да ја промени одлуката со која младинскиот активизам во Општина Карпош го исфрла на улица.

Ваквата одлука е срамна и деструктивна ако се има во предвид фактот дека Вавилон Карпош во периодот на своето постоење обучи над 1000 млади, реализираше повеќе од 200 едукативни работилници и повеќе од 500 обуки и курсеви за дебата, критичко размислување, права на млади, антикорупција во образованието, странски јазици, фотографија, компјутерски вештини и друго. Вавилон Карпош нуди простор за развој на младинската креативност и за практицирање неформално образование и секогаш ги координирал сопствените активности во соработка со средните училишта и со локалните власти на Општина Карпош. Центарот ги промовираше и активностите на Општина Карпош преку публикување на информатор за културните активности на општината, проект кој се реализираше со средства на меѓународната организација Peace Child International.

Како резултат на своето успешно работење центарот успеа да стане самоодржлив и да генерира грантови и донации за своите активности, администрирани преку Младинскиот образовен форум, во чиј склоп постои Вавилон Карпош. Ваквите младински активности беа поддржани од Светската банка, Агенцијата за млади и спорт, Амбасадата на САД во Република Македонија, Светската дебатна асоцијација, Фондацијата Институт отворено општество Македонија, ОБСЕ и многу други.

Опремата на центарот е донација од Светска Банка и Агенцијата за млади и спорт при Владата на Република Македонија и е дел од имплементацијата на Националната стратегија за млади на Република Македонија. На целата територија на државава, уште од 2000та година постојат 30тина Вавилон младински центри во различни општини.

Основен услов на договорот со донаторите е центарот да комуницира со општината и заедно да ја креираат програмата според потребите на младите луѓе од оваа општина, што секогаш и целосно било почитувано.

Имајќи го во предвид фактот дека мисијата на МОФ и Вавилон Карпош е развој на неформалното образование, едукација на млади и заштита на правата на младите, апелираме дека членовите на нашата организација нема да дозволат нивниот труд и активизам да биде згаснат и исфлен на улица.

**Денешниот протест пред општинските простории заврши без прием на младите од страна на градоначалникот. Тој наводно не бил присутен во општината, иако**

**приемот го баравме во отворениот термин за средба на граѓаните со градоначалникот. Младите во уште поголем број ќе продолжат со протести доколку не остварат средба со градоначалникот до понеделник.**

За жал протестите потоа не продолжија, со оглед на притисокот од страна на градоначалникот. Потоа се затворија уште неколку младински центри во околината на Карпош со истото образложение како што му беше дадено и на Вавилон. Денес Вавилон е Шаховски Клуб - Карпош, во кој се собираат пензионери и играат шах.

## 3. Дополнителни активности и настани

### Турнири и обуки по дебата и јавни дебати и трибини

Во рамките на дебатната програма, но и надвор од неа по повод интересни општествени случувања интересни за младите, средношколски и студентски иницијативи, но и иницијативи, прашања и проблеми на локалната заедница, а во соработка со Локалната самоуправа или други НВО, Центарот ке организира Јавни дебати и трибини. Вакви активности се планирани да се одржуваат на секое 2 месеца со цел дискутирање на актуелни теми. Со ваквите активности ќе се придонесе за негова афирмација во средината, поголема отвореност во комуникацијата со младите, со локалната самоуправа, медиумите и другите невладини организации и асоцијации. Освен тоа во центарот редовно се одржуваат мали турнири за групите по дебата, подготовки и квалификации, како и обуките за асистенти, судии и предавачи по дебата кои ги држат членовите на МОФ.

### Викенд обуки

Во склоп на работата на Вавилон центарот освен стандардните работилници, се планираат и одржување на викенд обуки. Овие викенд обуки би требало да се одржуваат од мај 2008, кога би требало да започне целиот циклус на вакви обуки кои би се одржувале на различни теми и области на секои 2 месеца. Со ова би се таргетирале не само средношколци, туку и студенти, во завистност од тежината на работилницата, реномето на експертите и комплексноста на темата на обуката. Овие работилници би ги држеле експерти со доволно познавање на областа опфатена со обуката, а би била посетувана од група со 20-30 учесници.

### Воспоставување редовна комуникација со Локалната самоуправа

Нашето досегашно работење покажа дека неопходни се почести контакти со Локалната самоуправа и затоа од оваа година Центарот ќе воведе нови начини за комуницирање со Локалната самоуправа. Така, покрај состаноците кои ќе се случуваат најмалку 2 пати во годината и Претставници на Локалната самоуправа ќе бидат поканети на сите јавни настани кои ќе ги организира Центарот, Центарот ќе испраќа тримесечни извештаи до Локалната самоуправа и на тој начин редовно ќе известува за тековните и планираните активности.

## V. АМЕРИКАНСКИ ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР

Американски Едукативен Центар - Младински образовен форум е административен центар на на програмите за стипендирање од Фондацијата Отворено Општество преку кои нуди стипендии за додипломски, постдипломски, докторски студии како и истажувачка работа на неколку универзитети во Обединетото Кралство и Соединети Американски Држави.

Програмата NSP(Network Scholarship Program) вклучува следниве стипендии : Undergraduate Exchange Program, OSI FCO Chevening Scholarships for Oxford and York University, OSI FCO Chevening Cambridge Scholarship, Global Supplementary Grant Program, Staffordshire University(MSc & PhD), University College London.

Администрирањето на стипендии се состои во објавување на конкурсите за стипендии, консултации со потенцијалните апликанти, собирање и испракање на самите апликации, организирање на тестови по англиски, организирање на интервјуа, информирање на апликантите за низните резултати, организиранје на авионски карти и визи за избраните кандидати.

Во периодот од мај 2008 до мај 2009 центарот беше фокусиран на следниве активности:

- Подобрување на услугата/консултациите на потенцијалните кандидати,
- Подобрување на информираноста за стипендиите.
- Регрутација на потенцијални апликанти.
- Професионален развој

### 1. Подобрување на услугата кон потенцијаллните апликанти

Во нашиот центар, конкурсите и апликациите за универзитетите и стипендијата на ФОО може да ги добие секој заинтересиран, бесплатно.

Конкурсите се објаввуваат во дневниот печат како и на веб страната на МОФ. Апликациите освен на хартија можат да се добијат и на е-маил. Координаторот освен тоа што секојдневно ги препрака апликациите по е-маил(до сите заинтересирани) тој исто така одговара на барања и прашања, како на е-маил така и на телефон. Понекогаш апликациите на барње се препракаат по пошта.

Координаторот е достапен за конскултации во текот на неговото работно време. Консултациите се индивидуални со предходна најава/закажување.

Давање на нформации за целата процедура на аплицирање, критериуми за стипендиите и разгледување на потребните документи е исто така дел од консултациите. Консултациите се исто така бесплатни како и материјалите.

На потенцијалните апликанти им се нудат услуги кои можат да им помогнат околу подготвување на апликациите за стипендијата(не и за апликациите за универзитетите). Нашиот центар располага со книги кои можат на апликантите да им помогнат околу пишување на нивните мотивациони писма како и подготвителни материјали за ТОЕФЛ тестирањата.

## 2. Подобрување на информираноста за стипендиите

Сите конкурси за стипендии се објавуваат во еден дневен весник.

Сите конкурси се испракаат (по пошта и е-маил) до сите државни и приватни универзитети/факуллтети од цела Македонија. Исто така и до сите невладини организации, вклучувајки ги најмногу студентските организации.

За време на периодот кога конкурите не се во тек, формирана е маилинг листа на заинтересирани на кои секој конкурс им се препрака откако официјално ке излезе.

**Во периодот кога се објавуваат конкурсите октомври-јануари, стипендиите исто така се објавуваат на постери кои можат да се видат на огласните табли во гратската библиотека како и на универзитетите во Скопје.**

## 3. Регрутација на потенцијални апликанти

Во периодот кога излегуваат конкурсите за стипендии направени се презентации во нашиот центар како и во Битола и Штип.

Нашата цел е секоја година да се зголемува не само заинтересираноста и информираноста за стипендиите туку и бројот на апликанти, а исто така и бројот на кандидати.

**Број на апликации:**

Undergraduate Exchange Program(UEP) – 26
OSI FCO Chevening Scholarships for Oxford and York University – 18
OSI FCO Chevening Cambridge Scholarship – 17
Staffordshire University - 19
University College London(UCL) - 20
Global Supplementary Grant Program – сеуште не е завршен

# VI. НЕЗАВИСНИ ПРОЕКТИ

## Младите за отвореното оптштество – Локална младинска иницијатива

Младите за отвореното општество – Локална младинска иницијатива е тригодишен проект финансиран од Фондација Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ), администриран од Младински образвоен форум (МОФ) во соработка со четиринаесет центри од четиринаесет градови од Македонија: дванаесет центри за поддршка на локални средини, Вавилон Карпош – Скопје и Младински Културен Центар (МКЦ) – Битола.

Инволвирани во проектот се локални координатори на секој центар, професори, средношколци и МОФ – соработници.

Активности:

**А) Подготвителен тренинг**

Се одржа во хотел Дрим во Струга 16 – 18 мај 2008 год. Паралелно се одржуваа дбе обуки: (1) обука за дебата за професори и ученици и (2) обука за Локални малдински иницијативи – опрганизација и промоција на настани за локалните коориднатори и членовите на клубовите.. Вкупно учествува 79 учесници. беа поделени на два различни тренинзи кои се одвиваа паралелно.

**Б) Промотивни настани – јуни**

Како резултат на обуките беа формирани тимови во локалните центри. Првите конкретни резултати од нивната работа беа промотивни настани кои беа организирани во јуни 2008 год. Сите настани беа практично наменети за јавноста, за промоција на локалните младински клубови преку јавни дискусии и барање до надлежните за решавање на одредени младински проблеми пр. недостаток на спортски и културни активнсоти, недостаток на култура во сообраќајот итн.

**В) Кампања за регрутација на нови членови и формирање на клубови**

Во септември 2008 се одвиваше кампања за регрутација на членови и беше креиран наставен курикулум според кој требаше да се оддржуваат предавањата за двата клуба. Преку кампањата се регрутираа членови и на тој начин се оформија локалните младински клубови кои бројат 20-30 членови.

Поради волонтерската природа на работата на професорите само во дел од градовите се оформија и предвидените дебатни клубови. Во оние градови каде не профункционираа дебатни клубови во рамки на училиштата предавањата по дебата се држеа од страна на МОФ соработниците во локалните клубови.

**Г) Учество на “Macedonia Open 2008“**

Во месец декември по еден тим на дебатери од сите 14 градови учествуваа на 6тиот традиционален дебатен турнир “Macedonia Open 2008“

## New Media Watchdogs

МОФ заедно со Центарот за нови медиуми се вклучи како партнер во проектот New Media Watchdogs- програма за медиумско описменување, критичко размислување и аргументирано коментирање за средношколци и студенти. Во четири циклуси започнувајќи од Март до крајот на годината МОФ држеше обуки за Дебата, аргументирање и критичко размислување. Дополнително во рамки на проектот учесниците се едуцираа и за Пропаганда и медиуми, Нови медиуми и Критичко мислење и медиумите. Како производ од обуките учесниците креираа блог на кој ги критикуваа новинарските текстови. Голем број од членовите на МОФ поминаа низ овие обуки.

## "Слобода наместо страв"

"Freedom not fear", односно "Слобода наместо страв" е прокет работен во соработка со Метаморфозис и шест други невладини организации. Проектот е дел од глобалната акција во рамките на која 11 октомври 2008 се одбележува низ целиот свет како Меѓународен ден на акција за демократија, слободен говор, ќовекови права, граѓански слободи; а против цензура, масвен надзор и масовно задржување на податоци. Во рамки на прокетот, се поставија неколку штандови на прометни локации низ Скопје за делење на материјали означени со локациите на кои се поставени камери на јавни места. Воедно се одржи јавна трибина на тема поврзана со заштита на приватноста на правниот факултет Јустинијан I – Скопје.

## "Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет"

"Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет" е проект кој беше воден од Првата детска амбасада Меѓаши, Метаморфозис и Дирекцијата за заштита на лични податоци, во соработка со десет невладини организации. Членови на сите организации беа обучени и сертифицирани за предавање на посочената тематика. Истите тренери имаа задача да предаваат секој во по едно основно и средно училиште на неколку различни групи на учесници (ученици, родители и професори). Претставници на МОФ беа тренерите Сања Стојановска и Нина Меловска, кои беа активно вклучени и предаваа во средното училиште "Орце Николов" и во основното училиште "Јохан Хајнрих Песталоци".

## “Naturlend” – младинска размена во Veitch, Austria

Во септември 2008 година, како резултат на добрите односи со странските партнерски организации се разви соработка за имплементација на младинска размена која се одвиваше во Австрија. Имено, Маја Стојановска како лидер и Лазар Поп Иванов, Марија Мирчевска, Александар Радомировиќ, Сања Стојановска, Сандра Анастасовска, Нина Маричиќ, Бојан Јовановски беа учесници на седум дневната младинска размена. На размената се работеше на изнаоѓање младински неформални алатки за промоција и подигнување на темите за здрава животна околина, меѓу кои и користење на нови медиуми, креирање на книга и сл.

## VII. Претседател на Младински образовен форум

Во периодот март 2008 год- декември 2008 год МОФ реализираше голем број на активности, создаде серија на нови проекти за кои обезбеди финасиска поддршка, ги засили односите со постоечките и изгради силни односи со нови партнески организации, институции, мрежи и донатори, спроведе административна реформа и работеше на зајакнување на внатрешните организациски капацитети. Координацијата за сите активности, претседателот на МОФ ја правеше во координација со генералниот секретар, програмските координатори, секторските и координаторите на центри, проектните координатори, административниот извршител, сметководството на МОФ како и извршниот одбор на МОФ, преку редовни и наменски координативни состаноци.

Со методи на супервизија, менторство и помош при менаџирање, претседателот учествуваше во креирањето и имплементацијата на активностите на МОФ центрите Вавилон Карпош и АЕЦ.

Менаџирање, советување, координација и извршување беа спроведени во рамките на сите три програми на МОФ.

Во исто време, интензивно се активираше во областа на пишување и креирање на нови проекти и обезбедување ресурси и финансии за понатамошно функционирање на организацијата, што резултираше со остварување силна финансиска одржливост на МОФ најмалку до крајот на 2010 година.

Меѓу другите активности, претседателот ги менаџираше финансиите и администрацијата на МОФ, а работеше и на обезбедување финансии за реализираните и проектираните активности на организацијата. Во почетокот од својот мандатен период, претседателот заедно со генералниот секретар и административниот извршител спроведе административна реформа во МОФ, содавајќи нов систем на планирање, ажурирање и менаџирање со редовните финансиски трансакции, постигнувајки финансиска ликвидност до крајот на 2008година.

Неодминлив и особено важен процес на кој се насочи претседателот во овој период беше трансферот на знаење и обука на помладите членови на МОФ.

Претседателот преку учество на состаноци, трибини и приеми, работеше на градењето на општата слика на организацијата, организацискиот ПР, како и склучување на нови соработки. Претседателот заедно со генералниот секретар во Мај 2008 учествуваше на голема донаторска конференција во Истамбул, каде презентираше неколку успешни приказни од МОФ и склучи нови партнерства.

Во 2009 година, претседателот освен редовните активности ќе работи на градење на новиот сајт на МОФ, обезбедување на подобри канцелариски услови, структурна реформа во МОФ, програмска стратегија на МОФ, како и воспоставување на подобрен модел на информирање и координацијата помеѓу сите менаџерски нивоа во организацијата.

## VIII. Генерален секретар на Младински образовен форум

Периодот кој е опфатен со овој извештај е период во кој МОФ доживеа големи структурни и програмски промени, како и промени во сферата на човекови ресурси, наметнати од наглото зголемување на обемот на активности и проекти. Имено, ова беше година во која историски гледано МОФ имал најголем обем на активности и проекти до сега.

Воедно, имајќи во предвид дека ова беше прва година на оваа функција за Генералниот секретар, почетоците беа поминати во обуки и учење за секојдневните обврски на Генералниот секретар. Улогата на Генералниот секретар, секако е предодредена во и извршувана врз основа на статутот и правилниците на МОФ. Генерално, најголем дел од обврските на Генералниот секретар се движеа во делокругот на извршување на следниве задачи: административно техничко управување со канцелариите, центрите, програмите и проектите на МОФ, програмско и финансиско менаџирање на центрите, програмите и проектите на МОФ, учество во работата на Извршниот одбор на МОФ, како и извршување на неговите заклучоци и барања, изготвување на финансиски и наративни извештаи до донаторите на конкретните проекти на кои МОФ работеше во изминатата година, пишување на нови концепти и апликации за идни проекти, комуникација со парнери, донатори, експерти и медиуми и претставување на МОФ пред истите.

Голем дел од работното време беше посветено на комуникација со Претседателот и координаторите на програми, центри и проекти и донесување на одлуки во рамки на имплементацијата на активностите и достигнувањето на целите на организацијата. Генералниот секретар беше вклучен во редовна комуникација со најголем дел од донаторите и особено беше активен во претставување и одржување контакти со медиумите кои беа од големо значење за активностите на МОФ изминатава година.

Поради големиот број на тековни проекти, голем број на нови членови имаа можност да водат или да бидат дел од работен тим, на што Генералниот секретар работеше при менаџирање, едуцирање и прилагодување на новите кадри во процесот на водење на проекти, како дел од извршниот кадар на МОФ.

Оваа година се отпочна процесот на креирање на нова МОФ стратегија. Генералниот сектретар активно работеше со експертот на формирање на временска рамка и методологија за најдобро решение за изградба на стратегијата. Изградбата на истата е процес од неколку месеци, во консултации со различни профили на членови на МОФ, чиј придонес ќе биде дел од конечниот документ кој би требало да ги сублимира стратешките планови на МОФ за идните години.

## IX. Извршен одбор на Младински образовен форум

Периодот кој овој извештај го опфаќа не е календарска година, туку се поклопува со втората година од мандатот на овој состав на Извршниот одбор (ИО) во кој членуваат: Дарко Јаневски како претседател и Неда Коруновска, Нада Наумовска, Лазар Поп Иванов, Петар Лазаров, Марјан Забрчанец и Билјана Бејкова како членови на ИО. Согласно Статутот на МОФ, ИО има 2-годишен мандат, што значи дека на наредното годишно Собрание на МОФ ќе треба да се избере нов Извршен одбор.

Во период од 1 април 2008 до 21 мај 2009 година, ИО на МОФ одржа 4 класични седници, од кои едната имаше продолжение, но неколкупати одржа електронски седници. За разлика од претходните години, овојпат ИО се соочи со проблеми со потребниот кворум за работа и одлучување. Постојат повеќе причини за ова, но најзначајна е дека дел од членовите на ИО беа зафатени и во период кога вообичаено се одржуваат седниците (приквечерните часови), воглавно поради дополнителни ангажмани и предавања со пост-дипломски студии. Од таа причина, многу почесто одредени точки од дневниот ред се поставуваа на разгледување, дискусија и гласање преку е-маил (е-седници), што се покажа како доста ефикасен начин на работење и донесување на итни одлуки, кој соодветно го замени класичниот начин на физичко собирање на членовите на ИО.

ИО разгледуваше најразлични прашања, за кои најчесто носеше заклучоци и препораки и на тој начин му помагаше на раководството на МОФ. Но, за прашањата за кои беше потребно да се направи избор на координатор на програма или проект, како и за други прашања од суштински карактер, ИО носеше одлуки. Најчесто за прашањата поврзани со избор, претседателот на ИО прашањето го поставуваше и материјалите ги доставуваше до останатите членови по е-маил, кои во краток временски период се изјаснуваа (го даваа своејот глас и образложено мислење). При носењето на заклучоците и одлуките најчесто преовладуваше консензус меѓу членовите на ИО, но имаше и мал број прашања за кои  членовите имаа поинакви ставови или кај накои од нив постоеше конфликт на интереси, поради што не беа во можност да гласаат. Транспарентноста во работата на ИО беше обезбедена преку редовно објавување на записниците од седниците на маилинг листите на МОФ.

ИО на МОФ во изминатата година можеше да сработи и придонесе повеќе. Но, позитивна работа е што, од една страна ,се етаблираше во значајно тело за носење одлуки, а од друга страна се приближи до членството на МОФ и нивните потреби. ИО се заблагодарува на раководството и членството на МОФ за укажаната доверба и поддршка во работењето.